## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА СООБРАЌАЈ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.120 2-275/25 од 15 декември 2015 год., донесена на 109. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржан на 14 декември 2015 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *економика на транспорт* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија”, и „Коха”, на 4 декември 2015 год., и во предвидениот рок се пријави проф.д-р Ристе Темјановски, доктор на економски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Ристе Темјановски** е роден на 31.1.1966 во Ново Село (Струмица) Р.Македонија. Средно училиште завршува во Скопје, во гимназијата „Раде Јовчевски Корчагин“, со одличен успех. Во 1984 година се запишува на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дипломира со просечна оценка 8.29 на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје на 9.5.1990 г. Со магистерска титула се стекнува на 11.7.2000 година на Природно-математички факултет, по завршувањето на постдипломските интердисциплинарни студии (Економски факултет, Природно-математички факултет, Градежен факултет) со просечна оценка 9,20 и со одбрана на магистерскиот труд под наслов „*Патната инфраструктура како генерички ресурс за циркулација на луѓето во Република Македонија*”.

На 20.5.2005 г. ја одбранува докторската теза под наслов „*Транспортниот систем на Р.Македонија и европските стопански текови*“ на Економскиот факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнува со научно звање доктор по економски науки.

Во 1991 година се вработува во Државен завод за статистика, во Секторот за демографија, попис на население и регистар на просторни единици, каде што работи во Секторот за демографија и на подготовка на номенклатура на територијални единици NUTS - според моделот на EUROSTAT.

Во периодот од 2.9.1996 година до 14.9.2006 година работи на Природно-математичкиот факултет во Скопје. За време на работниот ангажман во оваа институција посетува неколку стручни усовршувања и студиски престој:

1996 год. - Будимпешта (Унгарија) во телекомуникациски центар на AT&T (Lucent Technologies Center), maintain Definity telecommunication system (Generic 3 Management Terminal – Definity ECS G3 Administration GG1400A);

2000 год. - Копенхаген (Данска) преку Темпус/Фаре програмата, во Данската кралска школа за библиотекарство и информатика.

Во наставно-научно звање доцент по група предмети од областа на економските науки при Европскиот универзитет Република Македонија – Скопје е избран на 10.7.2006 година. Од 2006 година работи како предметен професор на Факултетот за економски науки реализирајќи настава по предметите Меѓународен транспорт и шпедиција, Осигурување, Применета економија, Е-трговија и Претприемнички маркетинг менаџмент (на Факултетот за економски науки); Е-бизнис (на Факултетот за информатика), Економски системи и економски политики (на Факултетот за јавна администрација).

Во своите професионални обврски бил ангажиран и како продекан на Факултетот за економски науки.

Во рамките на активностите во меѓународната соработка активно учествува во проектот IACBE (The International Assembly for Collegiate Business Education), за за стекнување меѓународна акредитација од ова акредитативно меѓународно академско тело за додипломски и постдипломски студии за најдобрите практики на високото образование во група над 400 приватни и државни универзитети во светот.

Од 1 септември 2011 година е вработен на Универзитетот „Гоце Делчев„ - Штип на Економски факултет, во звање вонреден професор и држи настава на прв циклус студии по следниве предмети: Транспорт и шпедиција, Е-бизнис, Економска географија, Применета економија - зимски семестар. Во летен семестар држи настава по предметите Логистика на студиска програма Менаџмент и претприемништво - Кочани, Претприемништво на студиска програма Менаџмент и претприемништво - Радовиш. Изведува настава и на втор циклус студии по предметите: Менаџмент информациони системи, Е-бизнис, Промоција, Глобални платни системи, а согласно Решението за акредитација има добиено и Решение за менторство за изведување на настава на програмата Деловна економија за трет циклус стидии.

На барање на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, од 2013 година д-р Темјановски изведува настава и по предметот Е-бизнис.

Во склоп на академските активности, тој ја вршел и функцијата продекан на Економскиот факултет (2012-2015 год.) и координатор на Еразмус програмата на Економски факултет. Во рамките на Еразмус програмата, во својство на Еразмус координатор на Економскиот факултет, д-р Темјановски престојуваше во период 17.5.-24.5.2014 на Универзитетот „Фоџа“ во Италија и одржал предавање на тема: „Macroeconomic determinants of foreign direct investment : outlook for the Republic of Macedonia“.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на 17.9.2015 г. е избран за член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:***

1. *Вонреден професор од научната област во која се избира* (кандидатот Ристе Темјановски е доктор на економски науки, со одбранета докторска дисертација на тема „Транспортниот систем на Р.Македонија и европските стопански текови“. Избор во звање вонреден професор е со Одлука бр.0402-17/48 од 1.9.2011 год).
2. *Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години.*

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год. на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Temjanovski R.(2015): | Challenges of global markets: The role of transportation in supply chain management. | Skopje: EURM, 2015. Second international scientific conference (ISCMMA’15) „The new marketing challenges. - Theory and practice“.ISSN 1857-9795. p.69-72. http://eprints.ugd.edu.mk/13298/ | (од 1976) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Temjanovski R., Miceski T. (2013): | Impact of road network on spatial distribution of rural community and process of depopulation in R.Macedonia | . The scientific symposium „Problems and perspectives of hilly mountain areas“ 12-15.09.2013, Vol. XXVI, sv.2. Ohrid, Republic of Macedonia.p.537-546. http://eprints.ugd.edu.mk/8901/ | (од 1975) |
| 3 | Marjanova J.T., Temjanovski R. (2015): | Process of acceptence of products by the consumers (diffusion of innovations) / Процес на прифаќање на производите од потрошувачите (дифузија на иновации). | Skopje: EURM, 2015. Second international scientific conference (ISCMMA'15) „The new marketing challenges. - Theory and practice“. ISSN 1857-9795 http://eprints.ugd.edu.mk/13328/ | (од 1976) |
| 4 | Temjanovski R. (2013): | Transport infrastructure, vital component in the process of European integration of the W*estern Balkans*. | *Naučni skup : Nauka i Globalizacija 17-19 maj. Knj.8.tom 3. 2013. Pale, 2013.str. 335-345.* http://eprints.ugd.edu.mk/10156/ | (од 1993) |
| 5 | Temjanovski R. (2013): | Competitiveness transport system as a necessary pre-condition for a successful European integration: Macedonian case. | Banja Luka - University of Banja Luka Faculty of Mechanical Engineering: 11th International Conference on Acomplishments in Electrical and Mechanical Engineering and Information Technology DEMI 2013. 2013. p.861-872. http://eprints.ugd.edu.mk/14303/ | (од 1975) |
| 6 | Temjanovski R. (2012): | Towards sustainable transport policy and harmonizing external trade by mode of transport: Macedonian case. | Sarajevo: Bosnia and Herzegovina from 31 May – 1 June 2012. ISSD'12. 2012.Vol.5. Economics of sustainable development. p.508-520. http://eprints.ugd.edu.mk/387/ | (од 2008) |
| 7 | Темјановски Р. (2012): | Social marketing and promotion of public transport services in function of sustainable development | Скопје: ЕУРМ, 2012. Меѓународна научна конференција „Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите„ Скопје, 14-15. јуни 2012. p.394-411. http://eprints.ugd.edu.mk/365/ | (од 1976) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Темјановски Р. (2012): | Republic of Macedonia and neighbourhood economic cooperation: past trends and future perspectives in transport infrastructure. | Штип. In: “From Liberalization to Globalization – Challenges in the Changing World”, 13th –15th September 2012, University “Goce Delcev”-Stip Faculty of Economics. / Прва меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии - ICBEF: „Од либерализација до глобализација - предизвици во светот што се менува”, 13-15 септември 2012 година. p.344-356. http://eprints.ugd.edu.mk/367/ | (од 2012)<br>Научни трудови објавени во меѓународни изданија и меѓународни конференции на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Член 23 од Правилникот за избор во звања |
| 9 | Марјанова Јованов Т., Темјановски Р. (2012): | Медиумите наспроти претпријатијата - улога во креирањето на промотивната порака и медиа планот. | Скопје: ЕУРМ, 2012. Меѓународна научна конференција „Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите“ Скопје, 14-15 јуни 2012.p.448-463. http://eprints.ugd.edu.mk/366/ | (од 1976) |

Има издаден универзитетски учебник по предметот за кој се избира од соодветната научна област објавен во е-библиотека - Меѓународен транспорт и шпедиција http://eprints.ugd.edu.mk/13297/

Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнување во примената на научноистражувачките резултати.

Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.

Покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност.

Позитивна оцена од самоевалуацијата.

***Наставно-образовна дејност***

Кандидатот д-р Ристе Темјановски својата наставно-образовна дејност ја започнува во 2006 година, кога е избран во наставно-научно звање доцент по група предмети од обласа на економските науки при Европскиот универзитет Република Македонија – Скопје е избран на 10.7.2006 година. Од 2006 година работи како предметен професор на Факултетот за економски науки реализирајќи настава по предметите Меѓународен транспорт и шпедиција, Осигурување, Применета економија, Е-трговија и Претприемнички маркетинг менаџмент (на Факултетот за економски науки); Е-бизнис (на Факултетот за информатика), Економски системи и економски политики (на Факултетот за јавна администрација).

Од 1 септември 2011 година како вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на Економскиот факултет, во звање вонреден професор држи настава на прв циклус студии по следните предмети (Одлука бр. 0402-6/74 од 1.7.2014 г.; Одлука бр. 0402-6/63 од 29.6.2015 г.): Транспорт и шпедиција, Е-бизнис, Економска географија, Применета економија - зимски семестар. Во летен семестар држи настава по предметите Логистика на студиска програма Менаџмент и претприемништво - Кочани, Претприемништво на студиска програма Менаџмент и претприемништво - Радовиш. Изведува настава и на втор циклус студии по предметите: Менаџмент информациони системи, Е-бизнис, Промоција, Глобални платни системи (Одлука бр. 0402-11/13 од 18.12.2012 г. Согласно со Решението за акредитација и започнување со трет циклус студии на Економски факултет

при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, проф. Темјановски има добиено и Решение за менторство за изведување на настава на програмата Деловна економија. На овие студии тој изведува настава по предметите Деловно планирање, Осигурување, Маркетинг и Однесување со потрошувачите (Одлука бр. 1202-231/3 од 14.10.2015 г.).

На барање на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, а со согласност и со одобрување од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, од академската 2013/2014 година д-р Темјановски изведува настава на прв циклус студии по предметот Е-бизнис.

За потребите на наставно-образовната дејност, кандидатот д-р Темјановски има издадено три рецензирани учебници (објавени на е-библиотека на УГД - Штип) и една рецензирана скрипта (што е и еден од условите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип) и една рецензирана скрипта.

Евалуација на објавените книги, учебници и учебни помагала на кандидатот проф. д-р Ристе Темјановски:

1. Темјановски Ристе (2011): *Е-бизнис*. Штип: УГД, Економски факултет, 2011. [Универзитетски електронски учебник]
   http://eprints.ugd.edu.mk/3771/

Концепцијата на книгата е базирана на современ начин и е структурирана во осум глави со различни современи проблематики. Прикажаните теми коинцидираат со основната проблематика на електронското работење во глобални рамки, но и со конкретни примери, коментари и предлози на електронското работење во компаниите, банките, образовните институции и кај нас.

Е-Бизнис или електронското работење е релативно нова појава во економската наука. Од своето појавување па сè до денес оваа област е во перманентен и динамичен развој и станува императив не само во меѓународното работење и домашните бизнис релации, туку и составен сегмент на секојдневното живеење. Оваа проблематика нуди одлични можности за развој на економиите во развој, но и на малите компании, бидејќи ги става во рамноправна положба со големите корпорации. Од друга страна, овозможува поединецот да ги следи технолошките развојни линии и преку информатичката технологија и интернетот да биде вклучен во глобалните случувања.

Основна цел на книгата е да даде можности за запознавање, разбирање и совладување на теоретските и практичните познавања од областа на електронското работење. Да ги оспособи студентите за спознавање, разликување и критичка анализа на следните прашања: што претставува, како е структуриран, но и како да се искористи технолошкиот развој и информатичката технологија, за полесно и поуспешно вклопување во светските економски текови. Во книгата се опфатени теоретскиот пристап, дефинирањето на поимите, класификациите, значењето, развојот и перспективата на одделните категории, како што се е-бизнис, е-трговија, е-маркетинг, е-банкарство, но и практичната примена во светската економија, но и кај нас. Како настанува и со кое темпо се развива? Можеме ли да го следиме неговиот еволутивен пробив во бизнис домените? На што се темели значење и суштината на е-бизнисот? Кои се елементите на неговата виталност, како еден раширен феномен? Какви се тенденциите на неговиот развој, кога информатичката технологија навлегува во сите пори на човековото живеење, работење, културно и цивилизациско развивање?

Во денешната бизнис клима е-бизнисот може да има влијание на секој дел од организацијата на една компанија, вклучувајќи ја инфраструктурата, процесите, апликациите, вработувањето, врските, продажбата и продажните канали, каналите за дистрибуција и сл. Не само што е-бизнисот ги трансформира луѓето, компаниите и индустриите, тој оди и на многу повисоко ниво, влијае и врз успешноста на националните економии. Пристапноста до бизнис круговите кои порано биле мерени во години, сега се мерат во денови. Победници ќе бидат компаниите кои навремено ќе се вклучат во современата бизнис технологијата.

2. Темјановски Ристе (2013): *Економска географија*. Штип: УГД, Економски факултет, 2013. [Универзитетски електронски учебник]
http://eprints.ugd.edu.mk/7554/

Според својата содржина, опфат, структура и методологија книгата е концепирана за студентите од економските факултети за изучување на наставната дисциплина Економска географија. Главна цел на книгата е да даде основа за разбирање и совладување на теоретските и актуелни случувања и диспропорции на светското стопанство. Диспаритетот во стопанската развиеност се претвори во еден од најкрупните проблеми на развојот на современиот свет, па оттука и нагласениот интерес за истражување на територијалната разместеност на одредени важни ресурси, вклучувајќи го и човечкиот, производствената структура на одделни земји и региони, дистрибутивните канали од производствените до потрошувачките центри итн, кои имаат доминантно место во меѓународните прометни текови.

Во книгата се опфатени определени теоретски и методолошки знаења и искуства кои се неопходни за согледување на основните карактеристики и законитости во развојот на економските системи на одделни земји или региони.

Концепцијата на книгата е современо базирана, со соодветна поврзаност на современите и актуелни состојби на стопанските движења во светот, со цел на што поедноставен начин и низ практични примери студентите да можат без тешкотии да ја совладаат оваа материја. Во книгата се разработени историскиот развој на економската географија, разместеноста на одделни суровини и производи, како и современите текови на капиталот. Со овој труд се настојува да се истакне и потребата за објективна научна анализа на економско-географските прашања, особено прифатени и применливи во научните истражувања на бројни економисти и нобеловци во светот. Дадена е критичка анализа и оценка за последиците од актуелните случувања во непланско и деградирачко искористување на одредени суровини и нивната рефлексија врз глобалните економски текови.

Во изготвувањето на учебникот „Економска географија" е консултирана широка литература, од најразлични области: економска историја (појавата на локационите фактори и нивна компарација со современите модели за разместеност на индустријата), демографијата (за разместеноста и бројната состојба за најважниот ресурс - човекот), просторната економија, меѓународната економија, економика на индустријата, економика на сообраќајот, економика на одделни регионалните групации и алијанси, политичката економија (глобалните и политичко-економски влијанија), со единствена цел изворно и компетентно презентирање на материјата.

Економската географија е област во којашто мошне брзо се манифестираат промени во динамиката и просторната организација на производството и услугите. Оттука и актуелноста од постојното следење и презентирање на состојбите, промените и причините за ваквите случувања во светското стопанство. Обемноста и разновидноста на производството на светското стопанство ја наметна потребата да се издвојат и прикажат само поголем дел од суровините, производите и услугите, кои имаат доминантно место во меѓународните прометни текови.

3. Темјановски Ристе, Атанасоски Драшко (2015): *Меѓународен транспорт и шпедиција*. Штип: УГД, Економски факултет, 2013. [Универзитетски електронски учебник]
http://eprints.ugd.edu.mk/13297/

Основна цел на учебникот „Меѓународен транспорт и шпедиција" е да овозможи стручно дефинирање и совладување на теоретските и практичните познавања од областа на транспортот, особено меѓународниот транспорт, шпедиција и одредени регулативи во меѓународниот транспорт. Во содржината се опфатени определени теоретски и методолошки знаења и искуства кои се неопходни за согледување на основните карактеристики во развојот на сообраќајниот систем кај нас и во светот.

Наставниот материјал во книгата е академски и стручно структуриран и претставува патоказ, помагало, во стекнувањето на знаења во решавањето на проблемите од областа на меѓународниот транспорт и шпедиција на економските и правните факултети, факултетите

за туризам и логистика, како и за сите останати мултидисциплинарни области, теоретичари и практичари кои се занимаваат со оваа проблематика.

Во анализата фокусот на вниманието е насочен кон транспортот, неговите економски карактеристики во меѓународниот промет како инструмент на надворешно-трговското работење и неговата примена во практика. Сепак, најзначајно место во анализата им е отстапено на новите промени и содржини во меѓународниот транспорт, бидејќи тие го чинат јадрото на новите економски системи, кои овозможуваат одржување на виталноста на современата економска наука и за доаѓање до стандардни економски знаења. Меѓународниот транспорт претставува значајна стопанска дејност во системот на општествена репродукција, бидејќи без него не може да функционира системот на меѓународна размена. Современиот, ефикасен и рационално димензиониран сообраќај е основен услов за целосно функционирање на економскиот систем во секоја земја.

Разгледувајќи го економскиот аспект на транспортот, тој во процесот на општествена репродукција ги поврзува тековите на стока чие место на производство не е таму каде што е и местото на потрошувачка. Односите во транспортот, особено во меѓународниот, стануваат сè посложени, што побарува поголема стручност и информираност за сите негови учесници.

4. Атанасовски Драшко, Темјановски Ристе, Филипоски Оливер (2014): *Логистички системи*. Штип: УГД, Факултет за туризам и бизнис логистика, 2014. [Универзитетска електронска скрипта]
   http://eprints.ugd.edu.mk/12558/

Трудот Логистички системи претставува значаен придонес во современите академски истражувања во нашата земја. Логистиката е составен дел на современите бизнис случувања. Нејзиното значење е големо поради тоа што опфаќа голем број на учесници и процеси во економското опкружување. Целокупната активност на логистиката не може да се набљудува како изолиран дел на една целина, туку само како спој на комплементарни, синтетизирани и меѓузависни елементи што го карактеризираат еден систем.

Дистрибутивните канали претставуваат витален *'рбет* во поддршката на макроекономските процеси и работењето на пазарите, важна инфраструктура и „медијатор“ на двете страни и на компаниите и потрошувачите, која значително ги прошири своите граници со процесот на глобализација. Квалитетот и прецизноста во менаџирањето на дистрибутивните канали („моделот точно на време“ и „точно на место“) претставува значаен поттик за сите актери инволвирани во функцирањето маркетиншките канали.

Во светот на глобалниот натпревар на компаниите, секој нов конкурент треба да обезбеди дистрибуција на своите производи и услуги. Денес сè попристуни се моделите на т.н. компаниски интерфејс, кога повеќе компании ги усогласуваат дистрибутивните канали и протокот на стоки комплементарно, обезбедувајќи учество на сите инволвирани субјекти да соработуваат на најдобар можен начин. Координацијата и размената на информации во врска со деловните активности се неопходни со цел да се елиминираат непотребните постапки, а претставуваат и најосновен начин за оптимизација на деловниот успех. Меѓусебното синхронизирање на активностите меѓу компаниите значително ги намалува трошоците или ја зголемува диференцијацијата. Ова издание освен што примарно е наменето за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика и Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип претставува добра основа за современите истражувачки активности во логистиката и логистичките системи. Книгата се состои од осум поглавја кои меѓусебно се надополнуваат. Разработена е улогата и значењето на логистиката и логистичките системи, теоретскиот и практичниот пристап на логистичките системи, елементите и видовите на логистички системи, за да се заврши со перспективите на оваа научна дисциплина која границата ја смета за предизвик, а светот за нејзино докажување.

Останати книги напишани од кандидатот и доставени во оригинална форма до комисијата:

5. Темјановски Ристе (2008): *Претприемнички маркетинг менаџмент*. Скопје: Европски универзитет, 2008. [Универзитетски учебник]
http://eprints.ugd.edu.mk/3895/

Во теоријата и практиката постојано се прават обиди на прецизен начин да се одговори на прашањето што претставува претприменештвото. Причини има многу, а главната секако е сложеноста на природата и фунцијата на претприемништвото, односно стекнувањето индивидуални и колективни манифестации и димензии на претприемничката функција. Комплексноста и комплементарноста на претприемништвото не е можно да се опфатат со проста анализа и дефиниција, без хоризонтална локализација во речиси сите сфери на едно развиено општество (економија, уметност итн.).

Во книгата „Претприемнички маркетинг менаџмент", кандидатот д-р Темјановски ги дефинира, поставува и разработува теоретските и практичните знаења од областа на претприемништвото, со цел да ги оспособи студентите за спознавање, разликување и критичка анализа на следните прашања: Што претставува претприемништвото и каква е неговата улога во стопанството? Како и кога настанува? На што се темелат неговото значење и суштината? Кои се елементите на неговата виталност, како еден раширен феномен? Какви се тенденциите на неговиот развој?

Концепцијата на книгата е базирана на современ начин, структурирана во 11 поглавја, каде што се прикажани теми со соодветна поврзаност на теоријата и практиката на основната проблематика на претприемништвото кај нас и во светот. Целта на авторот е на што поедноставен начин и низ практични примери студентите да можат без тешкотии да ја совладаат оваа материја која се смета за покренувач на сите промени во едно современо општество. Во секојдневниот живот претпримништвото се претставува како деловна активност која донесува материјална корист на поединецот или колективот. Од аспект на развој, тоа се толкува како тежнение за успех и постигнување парична корист. Претприемништвото денес стана значаен фактор на преструктурирање на фирмите и корпорациите, на цели национални економии, на цели региони на светското стопанство. Со овој труд се настојува да се истакне и потребата за објективна научна анализа на нашата економија, оценката на вистинските можности за модернизацијата и вклучување во светските глобални економски текови.

Сепак, најзначајно место во анализата е отстапено на новите промени и содржини на економскиот развој во национални рамки. Нашиот систем и метод на модернизација на економијата мора да се темели на реалните основи на односите „делови» и „целина» во согласност со научните сознанија, со што се овозможува одржување на виталноста на современата економска наука во решавањето на најразлични економски проблеми.

Се смета дека претприемништвото е причина за создавање можности за растеж којшто ги надминува нормалните аспекти на дефинирање на ниши, развојот на производот и наоѓањето на извори. Тоа секако не би било можно доколку претприемачот не располага со менаџерски способности. Ваквиот модел вклучува и развојни операциони системи, системи на менаџмент и корпоративната култура.

Во содржината се опфатени и определени теоретски и методолошки знаења и искуства кои се неопходни за согледување на основните карактеристики во развојот на претприемништвото во Република Македонија.

6. Темјановски Ристе (2010): *Применета економија. 2 изд*. Скопје: Европски универзитет, 2010. [Универзитетски учебник]
http://eprints.ugd.edu.mk/3896/

Националната економија како еден сложен систем или стопански организам има сложена структура која се темели на реалните и финансиските фактори. Финансискиот и реалниот сектор сочинуваат едно дијалектичко единство со бројни меѓусоодноси кои поради недоволното познавање предизвикуваат постојани конфликти и колизии на ставови и мислења. Од тие причини невозможно е овие два значајни сегмента изолирано да се набљудуваат и истражуваат.

Реалниот сектор го сочинува фундаментот на стопанството и тој опфаќа бројни макро и микроагрегати. Меѓу најзначајните треба да бидат споменати: природните ресурси,

човечкиот капитал, производството, односно националниот доход, цените, вработеноста, трговската размена (извозот, увозот), платните биланси и други.

Од тие причини кога се зборува за економиката или стопанството на една земја мора да се има предвид динамичката димензија, а не некоја статичка категорија. Со тие изрази се означува определена економска состојба, определено ниво и фактори и резултати на производството, и економската активност на луѓето, постојаните економски процеси и движења преку кои се остваруваат производството, распределбата и потрошувачката.

Без солидна научно фундирана и соодветна економска теорија не е возможно да се спротивставиме на крупните економски проблеми, како што се стопанската нерамнотежа, забавен растеж, неадекватна стопанска структура, инфлација, вработеност, односно стапка на невработеност, инвестиции, ниво на потрошувачка и штедење, акумулација и соодветна стапка на растеж, проширена општествена репродукција и на солидна основа воспоставена економска политика.

Авторот д-р Темјановски ги истакнува реалните придобивки во економските и општетсвени случувања. Од тие причини, како позначајно место на економската наука гледа во давањето и динамизирањето на поголеми импулси во производството и вработеноста и разрешувањето на краткорочните и долгорочните проблеми и кризи, во изградбата на нов систем на економската теорија, кој во рамките на една хомогена целина треба да даде одговори на сите прашања поставени во минатото и денес. Таков систем на економската теорија претставува и основа на нашата економска политика; само на тој начин може да се воспостави вистинска дијагноза на настанатите проблеми и научна основа за програма за излез од кризата.

Д-р Темјановски во книгата ја апострофира и важноста на сообраќајната инфраструктура за поголем и поефикасен развој на земјата. Кога се анализира влијанието на сообраќајната поврзаност врз стопанската развиеност, значајни се две работи: прво дека нема стопанска развиеност на едно подрачје без добра сообраќајна поврзаност, но и дека не може да има сообраќајна поврзаност без стопанска развиеност. Добрата сообраќајна поврзаност е услов за стопанска развиеност, но не е самата развиеност. Второ, за да може сообраќајната поврзаност да го покаже своето влијание врз развојните процеси треба да мине извесно време. Еден осмислен, т.н. програмиран развој ќе ги поврзе двете компоненти - сообраќајното отворање на еден регион и изградбата на производните капацитети во него.

Токму од тие причини д-р Темјановски ја разработува и прикажува предметната материја во книгата „Применета економија". Бидејќи, многубројните економски категории (како што се парите, капиталот, каматата, рентата, девизниот курс и сл.) и многубројните економски факти (како, на пример: цените на добрата што ги нема во доволно количество постојано растат, луѓето живеат со поголеми и разновидни потреби итн.) се во најнепосредна врска со секојдневниот живот на луѓето и директно ги засегаат нивните материјални интереси, нивниот џеб. Оттука произлегува и нагласениот интерес за применета економија, како важна економска дисциплина за академската и стручната јавност.

7. Ристе Темјановски: *Економски системи и економски политики*

Авторот д-р во книгата „Економски системи и економски политики" опфаќа еден современ пристап да анализира, разработи и презентира современи прашања за економските системи, елементите што ги сочинуваат различните економски системи, механизмите во нивното функционирање, начините како одредени земји ги решаваат универзалните економски проблеми итн. Со овој труд се настојува да се истакне и потребата за објективна научна анализа на нашата економија, оценката на вистинските можности за модернизацијата и вклучување во светските глобални економски текови.

Во изготвувањето на овој учебник, авторот консултира широка литература, од најразлични области: економска историја, применета економија (каде што се третираат проблемите на економските системи и политики на одредени земји и региони), регионална економија, глобални и регионални политичко-географски истражувања, анализи итн. со единствена цел изворно и компетентно презентирање на материјата.

Основна цел на книгата „Економски системи и економски политики" е да даде основа за разбирање и совладување на теоретските и практичните познавања од областа на

економските системи и политики, да ги оспособи студентите за спознавање, разликување и критичка анализа за промените на економски системи и нивна функционална поставеност и динамичност во остварувањето на економскиот развој. Во содржината се опфатени определени теоретски и методолошки знаења и искуства кои се неопходни за согледување на основните карактеристики во развојот на економскиот систем кај нас и во светот.

Сепак, најзначајно место во анализата е отстапено на новите промени и содржини на економските системи во одделни држави и временски периоди, но не заобиколувајќи го и економскиот систем во национални рамки. Нашиот систем и метод на модернизација на економијата мора да се темели на реалните основи на односите „делови" и „целина" во согласност со научните сознанија, со што се овозможува одржување на виталноста на современата економска наука во решавањето на најразлични економски проблеми. Концептот на книгата е базиран на современ начин, со соодветна поврзаност на теоријата и праксата на основната проблематика на економските системи и политика кај нас и во светот, со цел на што поедноставен начин и низ практични примери студентите да можат без тешкотии да ја совладаат оваа интересна економска област.

***Научноистражувачка дејност***

Научноистражувачката дејност на кандидатот д-р Ристе Темјановски може да се оцени преку активното учество и придонес во бројните научноистражувачки трудови издадени во меѓународни научни публикации, стручни (научно-популарни списанија), како и во зборници од научни конференции одржани во земјава и во странство.

Во продолжение следи листа на научноистражувачките трудови на кандидатот, класифицирани според припадноста во меѓународни научни публикации, зборници од конференции во земјата и странство и стручни списанија, согласно критериумите дефинирани во Законот за високо образование:

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни списанија:**

1. **Temjanovski R**., Marjanova J.T.: Geographical patterns of cultural values, entrepreneurship and economic development. Journal of Earth Science and Enginering, 5 (4). pp. 262-269. ISSN 2159-581X [*Database of EBSCO, Massachusetts, USA; DOI; CiteFactor (USA); ProQuest; Google Scholar*]
   http://eprints.ugd.edu.mk/13787/

   Marjanova Jovanov, Tamara; Sofijanova, Elenica; Davcev, Ljupco; **Temjanovski, Riste**: (2015): Entrepreneurial Competition Orientation and Profitability: The Case of a Developing Economy. 11th International Strategic Management Conference 2015. Procedia - Social and Behavioral Sciences. Volume 207, 20 October 2015, Pages 652–661. 1877-0428 © 2015 The Authors. Published by Elsevier Ltd. This is an open access article under the CC BY-NC-ND license
   http://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1877042815052684

2. **Temjanovski R. (2013):** Stabile Norwegian economic system and challenges of fragile global financial flow. Journal of social issues Nr. 23. 2013 [ISSN 0354-9852]
   http://eprints.ugd.edu.mk/7553/

   Georgieva Svrtinov, Vesna, **Temjanovski, Riste** and Dimitrova, Janka (2014) *Излезни стратегии од режимот на фиксен девизен курс за македонската економска политика.* Зборник од петта меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: Исток-Запад Меѓународен славјански институт, Свети Николе, 1 (1). ISSN 978-608-4689-04-1.pp. 342-345.
   http://eprints.ugd.edu.mk/10876/

   Tamara Jovanov Marjanova, **Riste Temjanovski**, Risto Fotov: Marketing planning: state of the artin a transitional Economy (JPMNT) Journal of Process Management – New Technologies, International. Vol. 2, No.3, 2014. p.104-113
   http://eprints.ugd.edu.mk/11049/

Vesna Georgieva Svrtinov, Olivera Georgieva-Trajkovska & **Riste Temjanovski** (2014). Cost and Benefits of Adopting Euro. Pakistan - Multan : Bahauddin Zakariya University Multan Layyah Campus. Applied Sciences and Business Economics Journal, 1 (3). pp. 57-64 (2014)
http://eprints.ugd.edu.mk/11195/

3. **Temjanovski R.,** Svrtinov G.V., Trajkovska Gjorgieva O.(2014): Moral Values, information and science. International Journal: Scientific & Applicative Papers. Vol.4. Skopje: Institute of knowledge management.
http://eprints.ugd.edu.mk/11589/
4. Trajkovska Gjorgieva O., Svrtinov G.V., **Temjanovski R.,** Koleva B. (2014): Effective Financial Reporting as a knowledge for boosting the economic growth. International Journal: Scientific & Applicative Papers. Vol.7. Skopje: Institute of knowledge management.
http://eprints.ugd.edu.mk/11587/

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во домашни научни списанија:**

5. Темјановски Р., Свртинов Г.В. (2013): Економската активност, трговските текови и гравитациониот модел. Yearbook - Faculty of Economics. Vol 5, No 1 (2013): Yearbook 2013.
http://eprints.ugd.edu.mk/9139/
6. Temjanovski R., Svrtinov G.V. (2013): Economic activity, trade flow and gravity model. Yearbook - Faculty of Economics. Vol 5, No 1 (2013): Yearbook 2013.
http://eprints.ugd.edu.mk/9139/
7. Темјановски Р. (2013): Примената на методот на графови во решавањето на просторно економската проблеми. Yearbook - Faculty of Economics. Vol 5, No 1 (2013): Yearbook 2013.
http://eprints.ugd.edu.mk/9138/
8. Temjanovski R. (2013): Application of graph method in spatial economic problems. Yearbook - Faculty of Economics. Vol 5, No 1 (2013): Yearbook 2013.
http://eprints.ugd.edu.mk/9138/
9. Temjanovski R. (2012): Globalization, information technology and new digital economic landscape. Yearbook. Faculty of Computer Science, 2012.p.Vol.1, No.1, 2012.[ ISSN 1857- 8691]
http://js.ugd.edu.mk/index.php/YFCS/article/view/24/646
http://eprints.ugd.edu.mk/14318/
10. Marjanova Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco and Temjanovski, Riste (2011) *Формирање на цена на производ во фазата на воведување од животниот циклус*. Годишен зборник 2011, 3. pp. 165-179. ISSN 1857- 7628
http://eprints.ugd.edu.mk/2083/
11. Темјановски Р. (2013): Transport corridors: challenges and constraints for economic development / Транспортните коридори: предизвици и ограничување во економскиот развој. Yearbook - Faculty of Economics. Vol 3, No 1 (2011): Yearbook 2011
http://eprints.ugd.edu.mk/362/

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од меѓународни научни конференции (во странство):**

12. Temjanovski R (2011): *Strengthening neighbourhood economic cooperation: crucial factor for positive economic growth*. In: Seventh International Scientific Conference of Young Scientists, 18th October 2011, Sofia, Bulgaria. / София: Седма международна научна конференция на младите научни работници, 2011.
http://eprints.ugd.edu.mk/384/
13. Jovanov M. T., **Temjanovski R**., Ristevska Jovanovska S.(2014): Formal Marketing Planning and Performance: The Case of Transitional Economy. 14th EBES Conference - Barcelona. The conference held on October 23-25, 2014.
http://eprints.ugd.edu.mk/12209/
http://www.springer.com/gp/book/9783319225920

14. **Temjanovski R**.(2014): Challenges of information technology and supply chain management in logistic sector: with an overview of Quehenberger logistics in Macedonia. Beograd: Singidunum University International Conference, April 25th-26th, The Impact of the Internet on Business Activities in Serbia and Worldwide.
http://eprints.ugd.edu.mk/10076/
15. **Темјановски Р**., Андревски Ж.(2013): Природно-географске карактеристике Р. Македоније као фактор безбедности у друмском саобраћају. Бања Лука. Стручни семинар: Бјезбедност саобраћаја у локалној заједници. октобар - 2013.
http://eprints.ugd.edu.mk/8939/
16. Svrtinov G.V., **Temjanovski R**. (2013): Liberalization of Capital Flows in the EU Accession Countries. "The future of integration, the future of the European Union" Jubilee International Scientific Conference dedicated to the 20th anniversary of the establishment of the Department of International Economic Relations. . D. A. Tsenov Academy of Economics - Svishtov
http://eprints.ugd.edu.mk/7119/
17. **Temjanovski R.,** Svrtinov G.V. (2013): Strengthening culture, knowledge and innovation as drivers of economy growth. D. A. Tsenov Academy of Economics - Svishtov , Faculty of Management and Marketing 10-11 May 2013 Department of Strategic Planning.
http://eprints.ugd.edu.mk/7275/
18. **Temjanovski R.** (2012): Information as power for encouraging new opportunities in entrpreneurship. Botevgrad: Ninth International Conference 2012: Challenges to modern economy/ In: Деветата Международна научно-практическа конференция-2012 е Предизвикателства пред съвременната икономика, 2-23 June, Ботевград.
http://eprints.ugd.edu.mk/385/
19. **Temjanovski R.** (2012): The railway connection between Macedonia and Bulgaria: mode of strengthening economic collaboration. Сборник доклади от международна научна конференция Том II. Тенденции и предизвикателства в развитието на икономиката. Издателство "Наука и икономика" Икономически университет – Варна. стр.331
http://eprints.ugd.edu.mk/357/
20. **Temjanovski R.** (2012): The railway connection between Macedonia and Bulgaria: mode of strengthening economic collaboration. Varna: International conference. Trends and chalnenges in the economic development 10-11 May, 2012. (331-348)
http://eprints.ugd.edu.mk/357/
21. **Temjanovski R** (2012): Klinička i praktična nastava studenata R.Makedoniji: normativnog nasproti praktičnog stanja. Kopaonik: XVIII skup trendova razvoja „Internacionalizacija Univerziteta" - trend 2012. (27.02.-01.03.2012).
http://eprints.ugd.edu.mk/386/

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од меѓународни научни конференции (во земјава):**

22. Темјановски Р., Марјанова Јованов Т.(2012): Кризата – извор на претприемнички можности: адаптација на (маркетинг) стратегијата кон новите пазарни услови. Скопје: ЕУРМ. Меѓународна научна конференција Лицата на кризата (9.3.-10.3.2012). (565-576)
http://eprints.ugd.edu.mk/356/
23. Temjanovski, Riste (2012) *Model of successful economic system through the prism of cultural creative economy.* In: Третата меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток-Запад" , Март, 15-17 2012, Свети Николе - Р.Македонија.
http://eprints.ugd.edu.mk/368/
24. Темјановски Р.(2012): Новата економија во дигиталната ера: виртуозен круг на технологија и растеж. Економски институт-Скопје: Научната конференција на тема: Предизвиците на науката во економија базирана на знаење-состојби и перспективи. 30 мај 2012 (246-258)
http://eprints.ugd.edu.mk/388/

25. Темјановски Р. (2012): Social marketing and promotion of public transport services in function of sustainable development. Скопје: ЕУРМ, 2012. Меѓународна научна конференција „Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите“, Скопје, 14-15 јуни 2012, p.394-411.
http://eprints.ugd.edu.mk/365/
26. Марјанова Јованов Т., Темјановски Р. (2012): Медиумите наспроти претпријатијата - улога во креирањето на промотивната порака и медиа планот. Скопје: ЕУРМ, 2012. Меѓународна научна конференција „Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите“ - Скопје, 14-15 јуни 2012,p.448-463.
http://eprints.ugd.edu.mk/366/
27. Темјановски Р. (2012): Republic of Macedonia and neighbourhood economic cooperation: past trends and future perspectives in transport infrastructure. Штип. In: “From Liberalization to Globalization – Challenges in the Changing World”, 13th –15th September 2012, University “Goce Delcev”-Stip Faculty of Economics. / Прва меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии - ICBEF: „Од либерализација до глобализација - предизвици во светот што се менува”, 13-15 септември 2012 година, p.344-356.
http://eprints.ugd.edu.mk/367/
28. Свртинов Г.В., Темјановски Р. (2013): Современите финансиски кризи во ерата на глобализацијата. Трета меѓународна научна конференција на тема: „Промените во глобалното општество“ .Скопје, Македонија (6 - 7 јуни 2013 година). Европски универзитет Република Македонија.
http://eprints.ugd.edu.mk/7123/
29. Темјановски Р., Свртинов Г.В. (2013): *Creative and culture entrepreneurship in global business world*. / Креативно и културно претприемништво во глобалниот бизнис свет. Трета меѓународна научна конференција на тема: „Промените во глобалното општество“ . Скопје, Македонија (6 - 7 јуни 2013 година). Европски универзитет Република Македонија
http://eprints.ugd.edu.mk/7137/
30. Temjanovski R., Svrtinov G.V. (2013): Strengthening institutional architecture to support the small-medium enterprises to make Macedonian economy more competitive in global challenges. Четврта Меѓународна научна конференција „МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД”. 19-20.4.2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7139/
31. Svrtinov G.V., Temjanovski R. (2013): “Historical Development of Financial Globalization» Четврта Меѓународна научна конференција „МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД”. 19-20.4.2013
http://eprints.ugd.edu.mk/7122/
32. Temjanovski R., Miceski T. (2013): Impact of road network on spatial distribution of rural community and process of depopulation in R.Macedonia. The scientific symposium „Problems and perspectives of hilly mountain areas“ 12-15.09.2013, Vol. XXVI, sv.2. Ohrid, Republic of Macedonia.p.537-546.
http://eprints.ugd.edu.mk/8901/
33. Miceski T., Temjanovski R. (2013): Dynamic analysis of the development trends of births in rural hilly-mountain areas in R.Macedonia. The scientific symposium „Problems and perspectives of hilly mountain areas“ 12-15.09.2013, Ohrid, Republic of Macedonia.p. 363.355.
http://eprints.ugd.edu.mk/8902/
34. Temjanovski R., Svrtinov G.V.(2014): The information technology and science: where is the limit and how resolving simple human problems. Skopje: EURM - Fourth International Conference: “The Science and the Social Development” 9 May 2014, Skopje.
http://eprints.ugd.edu.mk/10077/
35. Svrtinov G.V.,, Gorgieva Trajkovska O., Temjanovski R., (2014): Globalization and the income distribution between the countries. Skopje: EURM - Fourth International Conference: “The Science and the Social Development” 9 May 2014, Skopje.
http://eprints.ugd.edu.mk/10879/

36. Georgieva Svrtinov, Vesna, Temjanovski, Riste and Dimitrova, Janka (2014) *Излезни стратегии од режимот на фиксен девизен курс за македонската економска политика.* Зборник од петта меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог: исток-запад Меѓународен славјански институт, Свети Николе, 1 (1). ISSN 978-608-4689-04-1.pp. 342-345.
http://eprints.ugd.edu.mk/10876/
37. Temjanovski R.: Challenges of global markets: The role of transportation in supply chain management. Skopje: EURM, 2015. Second international scientific conference (ISCMMA'15) „The new marketing challenges. - Theory and practice".ISSN 1857-9795. p.69-72.
http://eprints.ugd.edu.mk/13298/
38. Marjanova J.T., Temjanovski R.: Process of acceptence of products by the consumers (diffusion of innovations) / Процес на прифаќање на производите од потрошувачите (дифузија на иновации). Skopje: EURM, 2015. Second international scientific conference (ISCMMA'15) „The new marketing challenges. - Theory and practice". ISSN 1857-9795
http://eprints.ugd.edu.mk/13328/

***Евалуација на трудовите во авторство или коавторство на д-р Ристе Темјановски:***

***Евалуација на трудот бр.1 (ред.бр. 59)***

Temjanovski R.: Challenges of global markets: The role of transportation in supply chain management. Skopje: EURM, 2015. Second international scientific conference (ISCMMA'15) „The new marketing challenges. - Theory and practice".ISSN 1857-9795. p.69-72.

http://eprints.ugd.edu.mk/13298/

Меѓународниот бизнис се движи низ процес на брза трансформација. Глобалните трендови, поддржани со мултимодален транспорт и синџирот на снабдување ги преобликуваат светските трговски модели, а со тоа и физичките трговските текови. Транспортот учествува со една третина од износот на логистичките трошоци и транспортните системи влијаат врз организацијата на менаџментот на синџирот на снабдување. Синџирот на снабдување стана еден од главните покренувачи на глобализацијата денес. Само целосна хармонизираност помеѓу секоја алка од синџирот ќе донесе максимални бенефит за учесниците. Компаниите денес се соочуват со предизвикот да ги насочат транспортните и логистичките процеси со цел да се зголеми ефикасноста, задоволството на клиентите, а со тоа и профитните маргини.

За да можат компаниите да го следат чекорот на овие промени, синџирот на снабдување ќе бара системска трансформациска промена, потег кој само може да придонесе за поголема оперативна комплексност. Според презентираните дефиниции *Supply Chain Management SCM* е процес кој меѓусебно ги поврзува информациите, порачките, суровините, набавките, производството и дистрибуција. SCM ги опфаќа сите циклуси на производство - набавка и складирање на суровините, производство, складирање на готови производи, дистрибуција до крајниот купувач.

Целта на овој труд е да се дефинира улогата на транспорт во менаџментот на синџирот на снабдување со цел понатамошно подобрување на предизвиците на постојниот глобален пазар.

***Евалуација на трудот бр.2 (ред.бр. 46)***

Temjanovski R., Miceski T. (2013): Impact of road network on spatial distribution of rural community and process of depopulation in R.Macedonia. The scientific symposium „Problems and perspectives of hilly mountain areas" 12-15.09.2013, Vol. XXVI, sv.2. Ohrid, Republic of Macedonia.p.537-546.

http://eprints.ugd.edu.mk/8901/

Во последните неколку децении во Република Македонија, а посебно во некои одделни региони се одвивале значителни промени во населеноста. Тие промени се во тесна врска со забрзаните процеси на индустријализацијата, односно со различниот стопански,

културно-просветен и друг развиток на општинините и нивните сообраќајна поврзаност со централни места. Секако индустријализацијата како економска категорија не можела сама да ја изврши оваа трансформација без развојот на сообраќајот и патната мрежа која ги поврзувала овие населени места со големите урбани центри. На овој начин дошло до економското јакнење на одделни региони и раздвиженост на популацијата во Република Македонија. Токму поради тоа индустријата силно влијаела на формирање на урбани центри со различно гравитациско влијание, а тоа имало далекусежни реперкусии за последиците на населеноста.

Динамичниот развој на индустријата и сообраќајната технологијата, како главни чинители на прогресивната урбанизација го чинат јадрото на фундаменалната пертурбација на структурата на просторната средина наметнувајќи нови модели и елементи на индустриската цивилизација, па враќањето на селскиот живот е готово невозможно. Голем дел од селските населени места (вкупно 1.728) се целосно се депопулирани (141 населено место или 8,15% од вкупниот број на населени места) или имаат изразено мал број жители и набргу, поради нивната неповолна старосна структура (старо население), голема е веројатноста да останат без ниту еден жител. Овој процес особено е нагласен во ридско-планинските подрачја. Неопходно е да се дадат повеќе овластувањата и одговорности на локалната власт за спроведување на стратегијата за подобрување на патната инфраструктура и подобар јавен превоз за подобар начин на живот во тие области.

Несоодветно организираниот сообраќај во одредени производствени реони го дестимулира аграрното производство во нив, доведува дури и до напуштање на одредени култури, до промена на структурата на производството и до негова деградација. Земјоделството во сообраќајно затворени реони, по правило, е со изразени натурални белези (Мариово, Порече и др.).

Во овој труд, авторите ги разработуваат актуелните состојби во селските средини со опременоста на сообраќајната инфраструктура, како и неопходните политики да се помогне во надминување на овој негативен процес и постигнување на подобра социјализација на руралното население.

***Евалуација на трудот бр.3 (ред.бр. 61)***

Marjanova J.T., Temjanovski R.: Process of acceptence of products by the consumers (diffusion of innovations) / Процес на прифаќање на производите од потрошувачите (дифузија на иновации). Skopje: EURM, 2015. Second international scientific conference (ISCMMA'15) „The new marketing challenges. - Theory and practice“. ISSN 1857-9795

http://eprints.ugd.edu.mk/13328/

Во трудот, поради честиот и забрзан пласман на нови/модификувани производи во рамки на различни индустрии и пазари, подетално е анализирана теоријата за „дифузија на иновации“. Според оваа теорија, процесот на прифаќање и усвојување на производот на пазарот, познат како дифузија е всушност, процес на комуницирање на иновацијата преку одредени канали (масовни медиуми и интер-персонални канали), во тек на време, помеѓу припадници на одреден социјален систем. Крајниот успех на производот се проценува врз основа на степенот на неговата прифатеност од страна на потрошувачите на пазарот. За претпријатијата, при пласирање на нови производи на пазарот, е значајно да ги знаат основните фактори кои го условуваат прифаќањето на иновацијата и ја забрзуваат стапката на прифаќање. Процесот на дифузија подразбира и познавање и предвидување на однесувањето на потрошувачите. Во оваа насока, од особено значење е анализирање на однесувањето на различните типови на потрошувачите при прифаќање на нови производи. Основните извори на креативноста и на новите идеи се директно врзани со: потрошувачите; постојните компании; каналите на дистрибуција; истражувањето и развојот.

Иновациите, сфатени како економски и социјален поим, имаат широко распространето влијание низ повеќе форми: како начин на однесување, како перманентен процес на реализација на развојните програми, вложување капитал, т.е. остварување траен и стабилен профит на долг рок. Тоа е процес на комбинација, рекомбинација, супституција на скапите и лимитираните со поевтини и помалку лимитирани производи, алокација и реалокација на факторите за производство и сл., но и креирање на организација во компанијата за создавање поголеми вредности.

***Евалуација на трудот бр.4 (ред.бр. 37)***

Temjanovski R. (2013): Transport infrastructure, vital component in the process of European integration of the W*estern Balkans*. *Naučni skup : Nauka i Globalizacija 17-19 maj. Knj.8.tom 3. 2013. Pale, 2013.str. 335-345.*

http://eprints.ugd.edu.mk/10156/

Секоја економија на национално и регионално ниво за да остане во чекор со глобалните предизвици мора да го развива и обновува интересот во ревитализација на сопствените транспортни системи. Овие системи може да вклучуваат транзит, автопатишта, патишта, аеродроми и други видови инфраструктура.

Транспортната проблематика е секогаш со случувањата и резултатите од општествените активности. Таа се фокусира на транспортните модели, витална компонента за постигнување на „четирите слободи" (слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал) и, секако, клучен фактор за одржлив развој. Секаков вид на превоз мора да се темели на географската поставеност, а потоа да се изберете соодветна форма на превоз врз основа на трошоците, достапноста и простор.

Воспоставување на ефикасна трансевропска транспортна мрежа (ТЕН-Т) е клучен елемент во реализацијата на Договорот од Мастрихт и Лисабонска стратегија и игра централна улога во постигнувањето на целите на Европската стратегија 2020. Транспортот се смета за клучен елемент во создавањето на заедничкиот пазар, ја воспоставува целосно европската интеграција и, исто така, претставува важна компонента на европската економија. Тоа генерира значителна стапка на вработување, поттикнување на регионалниот развој, зајакнување на врските меѓу трговските текови и обезбедува пристап до сите видови на услуги, слободни активности и погодности за работа. Транспортниот сектор придонесува со околу 7% од БДП, и со повеќе од 5% во вкупната вработеност во ЕУ (повеќе од 10 милиони луѓе). Транспортните врски и мрежи ја поттикнуваат оваа погодност, исто така.

Истражување во овој труд се насочени кон валоризација на трансевропската транспортна мрежа во регионот на Западен Балкан во процесот на европска интеграција, транспортните коридори и поставување на методолошка концептуализација на развојот на транспортот на Македонија во процесот на европска интеграција.

***Евалуација на трудот бр.5 (ред.бр. 36)***

Temjanovski R. (2013): Competitiveness transport system as a necessary pre-condition for a successful European integration: Macedonian case.Banja Luka - University of Banja Luka Faculty of Mechanical Engineering: 11th International Conference on Acomplishments in Electrical and Mechanical Engineering and Information Technology DEMI 2013. 2013. p.861-872.

http://eprints.ugd.edu.mk/14303/

Во овој труд се анализираат транспортните инфраструктурни системи во Република Македонија, како основен ‘рбетник на економскиот развој и европската и регионалната интеграција. Развој на инфраструктурата во Република Македонија има постигнато значајни резултати во изминатиот период, но според нивото на конкурентност овој напредок сè уште е недоволен за да ги исполни сегашните барања на општеството и економијата за пренос на патници и стоки. Секако дека со целосна изградба и завршување на транспортните оски ќе се овозможи постигнување на поголеми економски резултати. Добро испланиран и добро извршен транспорт ќе биде клучен елемент во развојот на нови политики за транспорт и клучна поддршка. Транспортните коридори се очекува да бидат значаен импулс што ќе генерира економски развој меѓу земјите од Западен Балкан и поголем степен на интеграција на регионалниот пазар.

Приоритетите за развој на патната и железничката инфраструктура во Република Македонија се транснационални оски: Коридорот X оската север-југ, која ја поврзува земјата со Република Србија на север и на Република Грција на југ; и Коридор VIII, оската Исток-Запад, кој ја поврзува земјата со Република Бугарија и Република Албанија.

Со цел ефикасно да се израмни со регионалните коридори и европската оска, македонските власти ангажирани во транспорт спроведува програмата мора да биде

поголема ефикасност во остварувањето на стратешките приоритети во доменот на транспортниот сектор.

Но мора да се напомене дека транспортната политика не е некоја „волшебна" алатка со која ќе се решат проблемите во општеството. Таа мора да работи во сојуз со националните програми за развој, просторно планирање, инвестиции, економската и монетарната политика, законски прописи и други области. Тоа мора да се движи во чекор со имплементација на овие програми и да одговорат со одржливост и одговорност е да се промени кои се случуваат во општеството. Сите мораме да признаеме дека во многу аспекти, квалитетот на нашиот живот зависи од успехот на нашите транспортната политика.

***Евалуација на трудот бр.6 (ред.бр. 26)***

Temjanovski R. (2012): Towards sustainable transport policy and harmonizing external trade by mode of transport: Macedonian case. Sarajevo: Bosnia and Herzegovina from 31 May – 1 June 2012.ISSD'12. 2012.Vol.5. Economics of sustainable development. p.508-520.

http://eprints.ugd.edu.mk/387/

Постои сè голем дисбаланс помеѓу видовите на транспорт во сите делови на светот. Зголемување на успехот на патниот и воздушниот транспорт резултира и со сè поголемото метеж, емисија на штетни гасови, додека, парадоксално, неуспехот сè уште не е искористен целокупниот потенцијал на железница. Во овој контекст на главниот ангажман во трансевропскиот политика е да се продолжи со оптимизација на меѓурегионална транспортни услуги на европско ниво преку мултимодален пристап и интероперабилност за секој вид транспорт. Кохерентна политика за транспорт може да придонесе кон намалување на буџетските трошоци за транспортниот сектор преку обезбедување на услови за ефикасно управување на инфраструктурата или инструментите за интернационализација и за намалување на транспортните надворешни трошоци.

За Република Македонија транспортот игра суштинска улога за економскиот развој. Регионалната соработка во Западен Балкан е од уште поголемо значење денес. Од комерцијална гледна точка, Унијата е главен трговски партнер на Западен Балкан, а неговата деловна соработка со овие земји е зголемена во важност.

Но, еден начин на транспорт е постојано доминантен. Патен сообраќај е главниот начин на транспорт кој се користи за трговија со европските земји. Анализата на надворешната трговија покажува дека патниот сообраќај е најчесто користен начин на транспорт во трговијата со 92% од целокупната вредност. Но, во однос на обемот на надворешно-трговската размена, овој вид на транспорт учествува со 89% во текот на анализираните пет години. Што се однесува до железничкиот сообраќај, овој превоз учествува помеѓу 12-20% од волуменот и помеѓу 5-10% од вредноста.

Оптимално решение може да се постигне само ако прашањето е опфатено со координација на меѓусекторските модели и институции. Планирање и развој на транспортната политика мора да биде во согласност со националните програми за развој, просторното планирање, инвестициите, економската и монетарната политика, законските прописи и други области. Со имплементација на овие програми со одржливост и одговорност ќе се променат позитивните случувања во општеството. Сите мораме да признаеме дека, во многу аспекти, квалитетот на нашиот живот зависи од успехот на сеопфатна и добро водена транспортна политика.

***Евалуација на трудот бр.7 (ред.бр. 29)***

Темјановски Р. (2012): Social marketing and promotion of public transport services in function of sustainable development. Скопје: ЕУРМ, 2012. Меѓународна научна конференција „Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите", Скопје, 14-15 јуни 2012, p.394-411.

http://eprints.ugd.edu.mk/365/

Главна цел во овој труд е промоцијата на јавниот транспорт. Денес приватните возила доминираат во патувањата во големите метрополи и нивното користење е со сè поголема експанзија, иако јавното мислење е главно насочено за користење на јавниот транспорт,

како и актуелните политичките изјави кои го рефлектираат оваа мислење. Понатаму, планираните проекции и анализи на потенцијалните ефекти од конвенционалните политики укажуваат дека иако ваквите политики се во можност да вршат одредени активности, сепак се доста лимитирани. Транспортните сценарија се дизајнирани за прогресивно подобрување на јавните транспортни погодности во следните случаи: зголемување на брзината на возилата на патиштата, зголемување на јавните услуги, проекција на посебни јавните транспортни линии, резервирање на обиколни патишта за јавниот транспорт, продолжување и реорганизација на автобуските патишта во согласност со потребите.

Министерството за транспорт и комуникации има важна улога во координирањето, развојот и имплементацијата на владините политики за развој на ефективен, ефикасен и целосно интегриран транспортен систем. Има јасен нагласок дека планирањето на јавниот транспорт и залагањето за помош во подобрување на државната социјална, животната средина и економскиот успех низ хармонизирање и примена на практични транспортни стратегии.

Имајќи го предвид значењето на транспортната инфраструктура, високоразвиените земји вложуваат огромни средства за максимизирање на придобивките во превозот на луѓе, роба и информации. Промотивните активности главно се насочени во стимулирањето на „пријателските" видови на транспорт.

Државната политика, исто така, може да го стимулира или да го намали значењето на моделот на транспортот на населението. Таквите активности може да бидат следни: потреба од инвестирање во изградбата на патишта или аеродроми, изградба и проширување на паркинг простори за возилата, одредување пристапна цена за висината на таксата за возилата и горивото, изградба на слободни автомобилски зони, трасирање специјални транзитни појаси и др.

Од тие причини во креирањето на транспортната политика во многу земји се прокламираат други видови на транспорт, кои не влијаат врз загрозувањето на животната средина на луѓето. Така, на пример, наспроти порастот на моторизацијата, велосипедите продолжија да се користат за лична мобилност, а обемот и користењето на велосипедскиот сообраќај зависат од држава во држава. Всушност, велосипедот е компонента во националната транспортна политика во неколку земји. Користењето на велосипедот, посебно за кратки патувања, одење во училиште, работа или прошетки, е доста застапено. Сè поголем е уделот на државната политика во неколку земји за изградба, подобрување, обезбедување на посебни патеки, тунели, мостови, надвозници за велосипедистите, избегнувајќи го на тој начин колизијата помеѓу моторните возила и велосипедистите.

***Евалуација на трудот бр.8 (ред.бр. 32)***

Темјановски Р. (2012): Republic of Macedonia and neighbourhood economic cooperation: past trends and future perspectives in transport infrastructure. Штип. In: "From Liberalization to Globalization – Challenges in the Changing World", 13th –15th September 2012, University "Goce Delcev"-Stip Faculty of Economics. / Прва меѓународна конференција за бизнис, економија и финансии - ICBEF: „Од либерализација до глобализација - предизвици во светот што се менува", 13-15 септември 2012 година. p.344-356.

http://eprints.ugd.edu.mk/367/

Овој труд ги разработува важните фактори за економска соработка со соседните земји: погодностите на транспортната инфраструктура и трговските олеснување. Поволната сообраќајна местоположба на нашата земја, но и хендикепираноста за излез на море, просторните погодности и ограничувања, достигнатиот степен на економската развиеност влијаеле на доминантното присуство на патниот сообраќај во однос на останатите видови на сообраќај и негово значајно учество во транспортниот промет и надворешнотрговската размена. Потребите за превоз по морски пат ги врши преку морските пристаништа во Грција, Р. Албанија, Р. Бугарија и Црна Гора. До овие пристаништа во најголема мера се користи друмскиот транспорт, а кон северниот и јужниот сосед (Србија и Грција) се користи и железничката мрежа. Друмскиот сообраќај има доминантно учество во транспортот на стока во надворешнотрговската размена на нашата земја по вид на транспорт. Ако се анализираат земјите со кои Македонија остварува најголема трговска размена (Германија,

Србија, Словенија, Хрватска, Грција), ќе може да се заклучи дека од стратешки интерес за нашата држава е транспортната оска север-југ, преку која се остварува комуникацијата до овие пазари. Друмскиот сообраќај се јавува со најголемо учество ви трговската размена и според волумен и според вредност. Застапен е со 92% во извозот и 79% во увозот според вредност. Истиот во последните пет години учествува и со 89% во извозот и 72% во увозот според волумен.

Железничкиот сообраќај учествува како втор по големина вид на транспорт во трговската размена. Анализите покажуваат дека железничкиот транспорт во надворешнотрговската размена со странство, во поглед на превезена стока според волумен (во количество килограми) има нешто поголемо учество од превозот на патници. Но општите состојби на транспортот на стока преку овој вид на сообраќај од 2005-2010 година укажуваат дека се забележува значително намалува на учеството на железничкиот сообраќај во надворешнотрговската размена на нашата земја од 10.48% (2005) на 5.77% (2010).

Учеството на воздушниот сообраќај во превозот на стока во Република Македонија е минимално во однос на останатите видови на транспорт и не ги задоволува потребите во надворешнотрговската размена на нашата земја. Извозот преку овој вид на транспорт е застапен со 0.10% и тоа главно со 27-те земји-членки на ЕУ.

Од посебна важност за идниот економски развој на нашата земја и поврзувањето со важните регионални и европски центри е подготовка и имплементирањето на национална транспортна стратегија. Овој проект предвидува долгорочна Национална транспортна стратегија (2007-2017) која ќе ги одреди основните насоки за развој на транспортната политика во РМ преку идентификување на цели и стратегија за развој на патниот сектор.

Планирањето на транспортната инфраструктура претставува акт на колективна креација, која бара големи научни познавања, визија, интуиција, поседување на голема стручна профилираност, но и култура, дух за истражување, за анализа и синтеза за идниот развој на просторот. Планирањето на транспортните оски во долгорочно планирање на економскиот развој имаат посебно големи временски и просторни инерции, при што времето за нивно евентуално дислоцирање се мери со децении.

***Евалуација на трудот бр.8 (ред.бр. 32)***

Марјанова Јованов Т., Темјановски Р. (2012): Медиумите наспроти претпријатијата - улога во креирањето на промотивната порака и медиа планот. Скопје: ЕУРМ, 2012. Меѓународна научна конференција „Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите“, Скопје, 14-15 јуни 2012, p.448-463.

http://eprints.ugd.edu.mk/366/

Пренесување на соодветна, навремена порака до целната публика е еден од клучните елементи во процесот на комуницирање со крајниот потрошувач. Промотивната стратегија на претпријатијата треба да биде креирана од стручен тим кој ги познава целните потрошувачи, визијата, мисијата и портфолиото на претпријатието, како и целта која треба да биде остварена со промотивната порака која ќе се претстави пред потрошувачите. Оттука произлегува значењето на правилниот пристап во креирањето на промотивната порака, особено во смисол на нејзино шифрирање, избор на средството со кое ќе се пренесува, како и избор медиумот и медиа планот, односно временскиот аспект на емитувањето на пораката. Честа пракса во нашите претпријатија е оваа проблематика или да се остави целосно на реализација на медиумот или, пак, истата да биде креирана од сопственикот или вработени кои ги немаат содветните познавања неопходни за успешна реализација на промовирањето, што резултира во оскудни пораки, со несоодветни елементи во содржината и сосема погрешно промовирани, набљудувано низ призмата на крајниот потрошувач. Трудот го анализира работењето на македонските претпријатија и медиумите од аспект на нивната поединечна инволвираност во создавањето на рекламните пораки и изработката на медиа планот за рекламирање, врз основа на лично интервју спроведено во претпријатијата и дел од македонските медиуми. Во склоп на анализата се посочуваат и предлози кои можат да помогнат во минимизирање или целосно отстранување на ваквите и слични проблеми.

***Евалуација на трудот бр.9 (ред.бр. 33)***

Temjanovski R. (2012): Globalization, information technology and new digital economic landscape. Yearbook. Faculty of Computer Science, 2012.p.Vol.1, No.1, 2012.[ ISSN 1857-8691]

http://js.ugd.edu.mk/index.php/YFCS/article/view/24/646

http://eprints.ugd.edu.mk/14318/

Глобализацијата не е нов феномен. Меѓутоа, глобализацијата во голема мера се управува од новата технологија и резултира со проширување на јазот и создавање нов дигитален економски пејзаж меѓу развиените, земјите во развој и економиите во подем. Дигиталниот економски јаз може да се опише како поделба помеѓу оние кои имаат пристап до интернетот и мрежните системи и оние кои немаат или поседуваат недоволен пристап до интернет мрежите, хардвер и информатичко знаење. Денес може да се идентификуваат голем број национални фактори кои го надминуваат своето богатство според разликите помеѓу земјите во нивото на e-commerce трансакциите. Тие вклучуваат инвестиции во ресурси, технологија, информации и мрежната инфраструктура, конкурентни знаење и владеењето на правото. Овој глобален проблем повикува на глобалната конвергентна колективна акција и вклучување на сите учесници, со цел проширување на бенефитот од информатичката технологија и знаење.

Во 21 век светската интелигенција мора да преземе акција за премостување на јазот меѓу развиените и земјите во развој. Премостување на дигиталниот јаз и ублажување на информатичката „сиромаштија" за да обезбеди повеќе хармонизирана и одржлива иднина за сите бара нов интегриран пристап кој целосно ќе ги инкорпорира постоечките и новите научни сознанија.

***Евалуација на трудот бр.10 (ред.бр. 44)***

Temjanovski R., Svrtinov G.V. (2013): *Economic activity, trade flow and gravity model*. Yearbook - Faculty of Economics. Vol 5, No 1 (2013): Yearbook 2013.

http://eprints.ugd.edu.mk/9139/

Гравитацискиот модел е статистички модел кој ги проценува трговските текови на едни земји со други врз основа на економските карактеристики на двата трговски партнери. Основните предвидувања на гравитациониот модел се дека две земји ќе тргуваат меѓусебно повеќе, кога нивните БНП-и се поголеми и географското растојание меѓу нив е помало.

Гравитациониот модел во неговата основна форма проценува дека трговската размена меѓу земјите постои поради гравитационата сила на два предмета: таа е директно поврзана со големината на земјата и обратно, или негативно поврзана со растојанието меѓу нив.

Многу економисти го користат гравитациониот модел обидувајќи се да предвидат кои земји ќе тежнеат да тргуваат едни со други. Гравитациониот модел е создаден за да го предвиди обемот на собраќај меѓу две места, миграцијата меѓу градовите, бројот на телефонски повици, транспортот на добра и пратки и други видови на движења. Гравитациониот модел, исто така, се применува за споредување на гравитационата привлечност меѓу соседите (градови, држави, региони, континенти).

Гравитациониот модел се однесува на гравитационата сила како аналогија да се објасни обемот на трговијата, миграција, прилив на капитал, како и диференцијација на производи меѓу различни ентитети.

***Евалуација на трудот бр.11 (ред.бр. 45)***

Temjanovski R. (2013): Application of graph method in spatial economic problems. Yearbook - Faculty of Economics. Vol 5, No 1 (2013): Yearbook 2013.

http://eprints.ugd.edu.mk/9138/

Од економски аспект во практиката има повеќе од стотина методи, но вниманието е најчесто фокусирано кон методите кои наоѓаат своја примена во просторната економија, посебно во економската географија, меѓународната трговија, регионалната економија, просторното планирање итн.

Во трудот посебно е обработен методот на графови. Значењето на овој метод е во планирањето, скицирањето и анализирањето инфраструктура, како транспортната

инфраструктура (посебно патната мрежа), хидрологијата (речните системи), телекомуникациските системи и големите и мали регионални целини. Резултатите од оваа анализа претставуваат значаен факот во моделирањето на географските простори. Можеме да добиеме прецизни резултати во планирањето на патната мрежа во урбаните и руралните населби

Со помош на теоријата на графовите во сообраќајната географија може доста прецизно да се пресмета еволуцијата во развојот на патната мрежа во определено географско подрачје или населено место. Сообраќајната мрежа поседува одредени геометриски особини кои во зависност на нејзиниот карактер и густина можат да бидат помалку или повеќе сложени. Геометриските анализи на сообраќајната мрежа го наметнуваат и прашањето на конфигурација на сообраќајната линија, нивната тесна поврзаност и зависноста од факторите кои влијаат на создавање на мрежата.

Често пати во практичниот живот се наметнува потребата за изнаоѓање на најкраток пат за да се стигне до одредена дестинација, било да се намали времето за патување, било да се намалат трошоците на гориво кои произлегуваат од движење по подолги релации.

За таа цел д-р Темјановски го искористил алгоритмот на Форд за изнаоѓање на најкраток пат.

***Евалуација на трудот бр.12 (ред.бр. 48)***

Темјановски Р., Андревски Ж.(2013): Природно-географске карактеристике Р. Македоније као фактор безбедности у друмском саобраћају. Бања Лука. Стручни семинар: Бјезбедност саобраћаја у локалној заједници. октобар - 2013.

http://eprints.ugd.edu.mk/8939/

Општо гледано, секој дел од патниот сообраќај во себе носи опасности по безбедноста и животот на луѓето, по функционалноста и изгледот на возилата. Сепак, определни места (делови од патот, крстосници, кривини и слично) имаат значење и важење на помалку безбедни простори, на опасни места или црни точки. Токму тие места, кои по разни основи, имаат, условно говорено, статус на „црни точки" - се предмет на истражување во овој труд. Определни места (делови од патот, крстосници, кривини и слично) имаат значење и важење на помалку безбедни простори, на опасни места или црни точки. Прашањето за постоење на опасни места, црни точки во сообраќајот има извонредна вредност, најмногу за водење на сообраќајната политика во земјата, за информираноста на возачите и непосредните учесници во сообраќајот. Безбедноста на сообраќајот е еден од најтешките проблеми што ги создава автомобилскиот сообраќај, бидејќи се работи за големи човечки загуби и повреди, а и за причинети материјални штети.

Во теренските истражувања на опасните места, црни точки во сообраќајот на Република Македонија констатирани се вкупно 250 места, од нив 150 на отворени патишта, а 10 во урбани средини (градски и селски). Главно, сите опасни места се под влијание на географската конфигурација на просторот и во себе поседуваат атрибути на ризик, отежнати услови, нужност од внимание, потреба од дополнителни мерки, допрецизирање на правни аспекти (дали со конкретни акти и документи), географски неповолности (планински предел подложен на одрони, замрзнување, наноси, навеви и сл.). Во тој спектар од интелектуални, прагматични, развојни напори останува потребата и понатаму да се евидентираат местата каде што често се случуваат сообраќајни незгоди за да се создадат услови за правно регулирање и информирање на сите учесници во сообраќајот, да внимаваат на безбедноста и етичкото однесување, со минимизирање на штетите, а пред сѐ загубата на човечките животи, како најскапоцен сегмент во секое општество.

***Евалуација на трудот бр.13 (ред.бр. 63)***

Temjanovski R.(2015): Railway traffic and sustainable development: Measures and recommendations for an effective transport system. Yearbook - Faculty of Economics. Vol 7, No 1 (2015): Yearbook 2015.

http://eprints.ugd.edu.mk/13300/

Во овој труд се разработуваат основните карактеристики и актуелни процеси во доменот на железничкиот сообраќај во високоразвиените земји и состојбите на железницата во

нашата земја. Никогаш досега јавните власти немале толку голема надеж дека железницата може да игра таква улога во воспоставување рамнотежа помеѓу транспортните модели, која е витална за економски развој и има нагласена улога во намалување на загадувањето. Во Европа се работи на амбициозниот план за „револуционизирање" на овој транспортен модел со ревитализацијата на железницата и зајакнување на нејзините надлежности. Глобални предизвици, како и развојот и прогресивната конкурентност на Транс-европската мрежа, при што инфраструктурата претставува фундамент за протекот на стоки и слободното движење на лица на внатрешниот пазар, останува една од важните цели во политиката на ЕУ за создавање Единствена европска транспортна област. За да се направат транспортните коридори што повеќе ефективни и одржливи, ЕУ треба да ја поттикнува организационата мобилност во железничкиот сектор, со цел да се промовира одржлив развој.

Железничкиот транспорт во Македонија не ги задоволува сообраќајните состојби и потреби. Поврзаноста помеѓу градовите со железница е сосема на ниско ниво, како и не постоење на железничка поврзаност со источниот и западниот сосед, Бугарија и Албанија. Трансформацијата на државната железница е неопходна да се изврши во иднина, со што би се подобрила услугата воопшто. Во иднина се надеваме дека би имало поголема инвестиција за развој на железничкиот сообраќај, користејќи ја пред сѐ поволната географска положба и соседството, со што ќе се максимизираат придобивките од овој транспортен модел.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Стручно-апликативната дејност на кандидатот д-р Ристе Темјановски се состои во:

- издавање на трудови во стручни (научно-популарни) списанија;
- издавање на трудови во зборници од стручни собири и активно учество во нивна презентација;
- учество во проекти (од областа во која се бира);
- учество во факултетски комисии;
- учествува во работата на Универзитетскиот сенат.

***Д-р Ристе Темјановски учествува активно во реализација на научни проекти:***

1. Miceski, Trajko and Fotov, Risto and Temjanovski, Riste and Kostadinovski, Aleksandar and Georgieva Svrtinov, Vesna and Cabuleva, Kostadinka and Josheski, Dushko and Stojovska, Natasa (2013) *Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р.Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание.* [Project] (In Press)
   http://eprints.ugd.edu.mk/6268/

Загрижувачките состојби на наталитетот во Република Македонија иницираат потреба од истражување, со предлагање на мерки за негово подобрување.

Во 1994 година бројот на живородени деца во Р. Македонија изнесуваше 31.421, а во 2004 година 23.361, а додека во 2011 година 22.770 живородени деца, што упатува на континуирано опаѓање.

Таквите состоби се диктирани од голем број на фактори меѓу кои посебно се истакнуваат бројот на склучени и разведени бракови.

Во тој поглед, бројот на склучените бракови во 1994 година изнесуваше 15.736, а додека пак во 2011 година е паднат на 14.736.

Наспроти тоа бројот на разведени бракови континуирано се зголемува, од само 612 разведени бракови во 1994 година, тој број порасна на 1.753 во 2011 година.

Бројот на невработени лица кои бараат работа подолго од една година во 2000 годна изнесуваше 218.091, а пак во 2010 е зголемен на 250.299 лица.

Бројот на обвинети полнолетни лица во 2000 година изнесуваше 8.078, а бројот на осудени полнолетни лица изнесуваше 6.496, а додека пак во 2010 година бројот на обвинети лица е пораснат на 11.239, а на осудени лица на 9.169 лица.

Покрај овие фактори, врз наталитетот, големо влијание имаат и други квантитативни и квалитативни фактори, кои преку емпириското истражување ќе бидат идентификувани, анализирани и компарирани.

Целта на трудот е да ги идентификува факторите на влијание врз наталитетот во Р.Македонија, да креира модел на корелациска зависност, модел на предвидување и предлог мерки за подобрување на наталитетот.

2. Sofijanova, Elenica and Temjanovski, Riste and Marjanova Jovanov, Tamara and Davcev, Ljupco (2015) *Јакнење на деловните капацитети на жените претприемачи во Република Македонија, како земја во развој / Strengthening (of) the capacity of women entrepreneurs in Republic of Macedonia, as a developing country.* [Project] (Submitted)

Јакнење на деловните капацитети на жените претприемачи во Република Македонија, како земја во развој-проект на УГД

http://eprints.ugd.edu.mk/12766/

Во овој проект фокусот на истражувањето е насочен кон деловните капацитети, анализа на менаџерските и лидерски способности, стратегиското планирање, како и маркетинг и финансиските способности на жените претприемачи. Имплементацијата на сите овие фактори во работењето на претпријатијата се поставуваат како еден од клучните фактори за развој на конкурентност, но и на економијата во нашата држава во целина. Како основен метод ќе се користи методот на истражување, со комбинација на квантитативно и квалитативно истражување.

Како техника на истражување ќе се примени комбинација од: лично, полуструктурирано интервју, по кое ќе следи испитување преку структуриран анкетен прашалник, follow-up, т.е. следбено интервју и анализа на фокус група, за длабински увид во проблематиката на истражување. Како основа на статистичката анализа ќе биде параметарска статистика, преку поставените номинални, ординални и интервални мерни скали за оценка на анализираните појави, односно анализирање на нумерички податоци. Според видот, истражувањето ќе биде апликативно (оригинално примарно истражување кое ќе резултира во сознанија наменети за нивна практична примена во бизнис секторот, со цел за подобрување на деловните капацитети на жените претприемачи) и експериментално (систематски приод кон креирање на нови и подобрени бизнис процеси, модели и системи за мали и средни претпријатија, врз основа на добиеното знаење) истражување.

Женското претприемништво се назначува како нова движечка сила за раст и развој на економиите во земјите во развој што ќе донесе просперитет и благосостојба во овие земји. Голем број на заинтересирани страни укажува на женското претприемништво како важен „неискористен извор“ на економскиот раст и развој. Светскиот економски форум го идентификуваше женското претприемништво како „чекор напред” за економскиот раст и развој на нивната годишна средба во 2012 (СЕФ, 2012). Други релевантни фактори зборуваат за жените претприемачи како „ново движење на жените”. Тие наведуваат: „заборавете на економската помош во земјите во развој, фокусирајте се на инвестиции во жените претприемачи како клучни двигатели на растот и развојот во овие земји” (Форбс, 2011).

Растот на бројот на жените претприемачи во земјите во развој го привлече вниманието на академските кругови и развојниот сектор. Донатори, меѓународни јавни институции, националните и локалните власти, невладини организации, приватни компании, добротворни организации и бизнис асоцијации иницираат програми на глобално ниво за промовирање и развој на женското претприемништво. Тие иницираат програми за градење на капацитетите на претприемачки вештини, зајакнување на мрежите на здружување кај женското претприемништво, обуки за начин на обезбедување финансии или иницираат имплементација на политики кои овозможуваат раст на бизнисите на жените претприемачи. Сите тие тврдат дека женското претприемништво е од суштинско значење за растот на земјите во развој. Поддршка на жените претприемачи е од суштинско значење за да се стимулира растот во една земја, бидејќи претприемачки потенцијал на жените сè уште не е целосно искористен.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и елаборираните информации за наставно-образовната и научноистражувачка активност на пријавениот кандидат за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област економика на сообраќај на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Комисијата со задоволство констатира дека проф. д-р Ристе Темјановски во целост ги исполнува барањата на Конкурсот.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатот, Комисијата го констатира следново:

1. Кандидатот проф. д-р Ристе Темјановски има одбрането докторска дисертација од областа на економика на сообраќај, која соодветствува на областа за која е распишан Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања;
2. Кандидатот по изборот во звање вонреден професор на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр.0402-17/48 од 1.9.2011 год.) има покажано голема активност на полето на наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ), стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА+ОР), при што може да се констатира дека ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа економика на сообраќај.
3. Од списокот на објавените научноистражувачки и стручни трудови и нивната содржина, Комисијата утврди дека кандидатот проф. д-р Ристе Темјановски има објавено голем број трудови од областа на економика на сообраќај во релевантни домашни и меѓународни научни публикации и мошне активно работи на истражувања од оваа област;
4. Преку досегашната работа и повеќегодишното искуство во академската област, како предметен наставник, кандидатот проф. д-р Ристе Темјановски се издвојува и докажува со стручност, академска зрелост и сериозен пристап во работењето во академската средина.
5. Стручно-апликативната надградба на кандидатот, докажана со приложените сертификати стекнати со присуство на многубројните научни конференции и стручни настани, несомнено покажуваат дека се работи за кандидат кој може да даде посебен придонес, како во унапредување на академската професија, така и во пренесување на стекнатите практични знаења на студентите.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип”, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот проф. д-р Ристе Темјановски во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од областа **економика на сообраќај.**

Оттаму, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за кандидатот **проф. д-р Ристе Темјановски да го избере за наставник во звање редовен професор, за наставно-научната област економика на сообраќај.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристо Фотов, редовен професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Огнен Дамев, редовен професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Александар Николовски, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ (д-р Ристе Темјановски, период 2011 - 2015)**

| Р. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5 | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | | | | | | |
| **1.** | **Монографија или научна книга**<br>http://eprints.ugd.edu.mk/14536/<br>http://eprints.ugd.edu.mk/3895/<br>http://eprints.ugd.edu.mk/3896/<br>http://eprints.ugd.edu.mk/3771/<br>http://eprints.ugd.edu.mk/7554/<br>http://eprints.ugd.edu.mk/12558/<br>http://eprints.ugd.edu.mk/13297/ | 7 | 10 | | | **70** |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во** (СЦИ/**ЦА**/останати)<br>ред.бр. 55; ред.бр. 62; ред.бр. 64; ред.бр. 65; | | | 4 | 6 | **24** |
| **8** | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт<br>Предавање на Универзитетот Фоџа, Италија, на Еразмус програма<br>ред.бр. [II-8/1] | | | 1 | 3 | **3** |
| **9.** | **Учество на научен собир со реферат (усно, потвдено со сертификат за учество)**<br>Во земјава - 6<br>Во странство - 4 | 6 | 1,5 | 4 | 2 | **17** |
| **15** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати)<br>Македонско меѓународно маркетинг списание<br>ред.бр. [II-15/1] | 1 | 2 | | | **2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | **Член на организационен или научен одбор на научен собир**<br>Singidunum Univerisy International Scientific Conference - Sinteza<br>ред.бр.[II-19/1]<br>Македонско здружение на маркетинг: Зборник на трудови од меѓународна научна конференција<br>ред.бр. [II-19/2]<br>First International Conference for Business, Economy and Finance - ICBEF 2012 ред.бр. [II-19/3] | 2 | 1 | 1 | 2 | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **120** |
| **Р. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | **Книга** | | 10 | | | |
| 5. | **Труд во стручно (научно популарно) списание:**<br>Во земјата<br>(Годишен зборник на Економски факултет – Штип)<br>(ред.бр. 20; 21; 33;44;45;63;66.)<br>Останати зборници: (ред.бр. 11; 12; 13;14;15;16.)<br>Во странство: (ред.бр. 35; 55; 56; 57; 58; 59; 60; 61; | 13 | 2 | 8 | 6 | **26+48 =74** |
| 6. | **Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир**<br>Во земјата: (ред.бр. 23;24;25; 29; 30; 32; 38; 39; 40; 41; 42; 46; 47; 50; 51; 52;)<br>Во странство: 18;19; 22;26; 27; 28; 36; 37;43; 48;49; | 4 | 2 | 11 | 3 | **8+33= 41** |
| 13. | **Учесник во научен проект**<br>*Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р.Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание.*<br>http://eprints.ugd.edu.mk/6268/<br>*Јакнење на деловните капацитети на жените претприемачи во Република Македонија, како земја во развој*<br>http://eprints.ugd.edu.mk/12766/ | 2 | 5 | | | **10** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **17.** | **Елаборати и експертизи**<br>Елаборат за изработка на прв циклус студии<br>Елаборат за изработка на втор циклус студии<br>Елаборат за изработка на трет циклус студии | 3 | 2 | | | **6** |
| **24.** | **Продекан** | | 4 | | | **4** |
| **27.** | **Член на универзитетски или владини тела**<br>Член на Универзитетски сенат<br>ред.бр. [III-27/1]<br>Универзитетска конкурсна комисија<br>ред.бр. [III-27/2]<br>Комисија за Еразмус студиска програма<br>ред.бр. [III-27/3] | | 5 | | | **5** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија<br>Комисија за за прием на документи за запишување на студенти на втор циклус на студии<br>ред.бр. [III-28/1] | | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **142** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **302** |